**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-845/3**
**Скопје, 25.11.2005 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА „ПРИЛЕП„**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта Прилеп за 2004 година, кои се прикажани на страните од 7 до 8 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на Општина Прилеп за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Александар Дамески - Директор на Фондот за локални патишта Прилеп во периодот од 01.01.2004 до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 6, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 29.07. до 02.09.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова - Помошник ГДР и овластен државен ревизор;
- Петре Гаврилов - Виш ревизор;
- Лила Зафировска - Ревизор;
- Стојан Николовски - Помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во

согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи;

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Извештајот за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици; Програмата за изградба и реконструкција на објекти во ридско- планинските подрачја финансирани од Бирото за неразвиени подрачја, Програмата за изградба, реконструкција, одржување на улици кои се сметат за дел од магистрални и регионални патишта за 2004 година не е усвоен од Управниот одбор и не е доставен до Советот на Општина Прилеп. Како причина на ревизијата и беше наведена дека со состојба со 31.12.2004 година Фондот за локални патишта е укинат и од таа причина не е изготвен Извештај за реализација на Програмата. Неизготвувањето на Извештај и не доставување на истиот до Советот всушност значи занемарување на принципот на отчетност во трошењето на јавните средства.
**Препорака:**
Почитување на Статутарната обврска за изготвување на Извештај за реализација на Програмата е обврска на секој носител на јавна функција.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. За капиталните расходи кои значат инвестиции во тек по основ на изградба, реновирање и друг вид на вложување правниот субјект не води евиденција на позицијата Материјални средства во подготовка, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметковниот план на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетските корисници. Поради тоа оневозможено е да се следи вложувањето во одреден објект, односно соодветно на тоа и да се евидентира зголемување на набавната вредност и деловниот фонд, при давање на истите во употреба. Истото е причина на една усталена пракса која е карактеристична за единиците на локална самоуправа.
**Препорака:**
Вложувањата во материјалните средства да се евидентираат на ставките за инвестиции во тек – градежни објекти, и по активирањето да се евидентираат од овие

ставки на ставките за Материјални средства во употреба и истовремено да се изврши зголемување на Деловниот фонд.

10.2.2. Со увидот во сметководствената евиденција ревизијата утврди дека набавените материјали и ситниот инвентар не се евидентираат на залиха, ниту се евидентираат промените ( прием и издавање) на материјалите и ситниот инвентар. Документацијата за прием и издавање на материјалите не е воопшто оформена ниту има задолжено лице за ракување со материјалите. Со предходното се нема увид во состојбата на залихите на материјали и ситен инвентар како и се нема политика за евидентирање на залихите на материјали и ситен инвентар.

**Препорака:**

Согласно сметководствените принципи и начела утврдени со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници одделението за сметководство на општина Прилеп да воведе евиденција на набавениот ситен инвентар и неговото давање во употреба со соодветно зголемување и намалување на Фондот на залихи на материјали и ситен инвентар како и набавките и потрошокот на материјали.

## 10.3. Неправилности во искажување на расходите

10.3.1. Ставката – Нето основни плати и надоместоци во делот на подставката Основни плати функционери во Билансот на приходи и расходи, е преценета за износ од 45 илјади денари, а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи поради повеќе пресметана и исплатена плата на директорот на Фондот, што е спротивно со одредбите од Законот за исплата на плати во Република Македонија.

**Препорака:**

При исплата на платите да се почитуваат одредбите од Законот за исплата на платите во Република Македонија.

10.3.2. Ставката Надоместоци е преценета за износ од 14 илјади денари за повеќе исплатениот надомест за општествена исхрана во пакети сувомеснати производи кои се дадени на вработените и членовите на Управниот одбор, а за истиот износ е потценет вишокот на приходи над расходи, што е спротивно на законските одредби.

**Препорака:**

При исплата на надоместокот за општествена исхрана треба да се има во предвид законската обврска дека истиот се исплаќа единаесет месеци во годината а за време на користење на годишен одмор истиот не се исплаќа.

10.3.3.Ставката - Придонеси од плати и персонален данок е преценета за износ од 36 илјади денари, а потценет е вишокот на приходи над расходи поради плаќање на персонален данок и придонеси на горенаведените исплати кои се спротивни на законските одредби. Необјективно и незконски исплатените надоместоци и плати доведуваат до појава на исплата на необјективно повисок износ на персонален данок и придонеси.

10.3.5. Префрлени се средства на физичко лице по основ на договор на дело за износ од 20 илјади денари, кој договор на ревизијата не и беше презентиран. За оваа исплата ставката Договорни услуги во Билансот на приходи и расходи е преценета за износ од 20 илјади денари а е потценет вишокот на приходи над расходи за истиот износ.

**Препорака:**

Исплата на трошоци да се врши врз основа на уредни и комплетни документи и уредно ликвидирани кои треба да се наоѓаат во прилог на документите за исплата.

10.3.6. Од фактурите и сметкопотврдите за угостителски услуги на вкупен износ од 111 илјади денари не е можно да се утврди:

- за кого е услугата (гости од домашни институции, гости од странство и слично);
- кој е корисник на услугата од Фондот како и кога истата е извршена;
- со сметкопотврдите од угостителските објекти и фактурите нема прилог фискални сметки и сметки за спецификација на трошоците.

Немањето на интерни акти и контролни постапки доведува до зголемени и неконтролирани трошоци по овие основи.

**Препорака:**

На секоја фактура и сметкопотврда да биде наведено кога е извршена услугата и кој е корисник на услугата а Општина Прилеп да донесе акт со кој ќе се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби и сл.).

10.3.7. Со увид во документацијата за извршените работи од страна на Фондот за локални патишта, на Ставката - Капитални расходи во подставките Изградба, реновирање и унапредување и Основно и специјално одржување ревизијата утврди дека истата не е комплет и тоа за следното:

- Дел од договорите немаат прилог предмер пресметка како би можело да се споредат изведените со договорените количини и цени (Прилог бр.1 кон Извештајот);
- За одредени изведбени работи не е договорен рок на изведба на работите, или пак не се почитуваат договорените рокови на работа (Прилог бр.2 кон Извештајот);
- Нема склучено анекс договори со Македонија пат Скопје по следните договори: бр. 03-41/8 од 30.06.2003 година за реконструкција на ул. Кеј „1ви Мај„ и булевар „Гоце Делчев„ за износ од 2,151 илјади денари и бр.03-75/1 од 11.07.2003 година за асфалтирање на ул. Иво Лола Рибар за износ од 225 илјади денари;
- Фондот за локални патишта како инвеститор нема обезбедено одобрение за градење за следните улици: „Кукушка„, „Сутјеска„, „Кузман Јосифовски-Питу„, „Цане Коњарец„, „Б.К.Гонде„, „Д.Димески„, „Авала„, „Блаже Ивановски„, „Митко Цветаноски„;
    - изведба на локален пат за населено место Топлица со приклучок на регионален пат Прилеп-Градско;
    - изградба, реконструкција и санација на мостовски конструкции;
    - изградба на дел на ул.„ Тризла„,
    - реконструкција дел на ул. „Димо Наредникот„ и ул „11 Октомври„;
    - изведување на локален пат бр.29 од Регионален пат 256 до местото викано Бела Пола;
- Не е потпишана од надзорен орган и нема градежна книга завршната ситуација од Мегал Прилеп бр. 07-118/1 од 05.12.2002 на износ 76 илјади денари за изработка на носачи на семафори, специјални елемент за сообраќајни знаци и санација на семафори ;
- По завршна ситуација од Мегал Прилеп бр.03-38/3 од 15.07.2003 година за изработка на комплет сообраќајни знаци ситуирано по повисока цена од договорената, односно повеќе за износ од 60 илјади денари;
- Прва времена ситуација од Македонија пат Скопје бр.07-41/8/1/1 од 26.12.2003 година на износ од 838 илјади денари за крпење на ударни дупки се повикува на договор бр. 03-472/1, кој договор на ревизијата не и беше доставен на увид;
- За дел од ситуациите нема прилог градежни книги во вкупен износ од 1,469 илјади денари (Прилог бр. 3 од Извештајот);
- Плаќањето претежно е со договори за цесија кои во некои случаи и не се исправни така кај договорот за цесија бр. 05-55 од 31.03.2004 година помеѓу ВП Стерна Прилеп, Иркон Кавадарци и Фонд за локални патишта Прилеп кај цесионерот Иркон печатот е на Јавно водостопанско претпријатие Тиквешко Поле а не на цесионерот.

**Препорака**

- Пред да се започне со изградба да се обезбеди дозвола за изградба и сета потребна документација согласно позитивната законска регулатива;
- Документите да се уредни: потпишани од надзорен орган, инвеститор и изведувач, прилог градежна книга а со завршната ситуација и документ за прием и предавање во употреба на објектот;
- Да не се користат формите за плаќање како асигнации, компензаци и цесии бидејќи создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени.

10.3.8. Извршени се изведбени работи на улици кои не се влезени во Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улиците во општина Прилеп за 2004 година бр. 02-143/2 од 22.12.2003 год. и тоа: изградба, реконструкција и санација на мостовски конструкции (објект Рампа), заштитни огради на мостови (пред касарна на ул.„ Борис Кидрич„ и на Дабничка река на ул. „Цане Илиески„); и асфалтирање на ул. „Мицо Козар„ и дворна површина во детска градинка Бончејца. Изградба на објекти кои не се планирани со Програмата значи изградба на објекти со кои се нарушуваат предходно утврдени критериуми и приоритети.

**10.4.Неправилности кај јавните набавки**

10.4.1.Во текот на 2003 година извршени се набавки без прибирање на понуди, спротивно на член 45 од Законот за јавни набавки (Сл.весник бр. 21/02 и 24/03), во вкупен износ од 5.612 илјади денари и тоа:

- Склучен е договор бр.03-75/1 од 11.07.2003 година со Македонија пат Скопје на износ од 2,325 илјади денари за асфалтирање на улица„ И.Л.Рибар„. За склучениот договор со Македонија пат Скопје на ревизијата и беше дадено објаснување дека вака е постапено од причина што Македонија пат работи со пониски цени за Фондот за регионални и магистрални патишта и е ангажирана и за овој случај без спроведување на постапка за јавна набавка;
- Склучен договор бр. 03-46/1 од 16.05.2003 година со Стерна Прилеп на износ 911 илјади денари за изведување на локален пат бр.29 од регионален пат 256 до место викано Бела Пола, патот се работи за Ларин промет кој има уплатено 227 илјади денари, поради нерешени имотно правни работи работата е прекината.
- Нема постапка за прибирање на понуди и нема склучено анекс договор со Македонија пат Скопје по договор број 03-41/8 од 30.06.2003 година за Реконструкција на ул.„ Кеј 1ви Мај„ и булевар „Гоце Делчев„ за износ од 2,151 илјади денари, и
- По договор број 03-75/1 од 11.07.2003 година за асфалтирање на ул.„ Иво Лола Рибар„ за износ од 225 илјади денари;

Неспроведување на постапките за јавни набавки создаваат можност за измами, грешки, злоупотреби, корупција и набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Да се почитува Законот за јавни набавки во сите негови аспекти и за секоја активност да се постапува согласно одредбите од Законот за јавни набавки.

11.Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е преценување на расходите за износ од 115 илјади денари и потценување на вишокот на приходи над расходи за вкупен износ од 115 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

12.Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.3., финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Фондот за локални патишта на општина Прилеп на 31 Декември 2004 година, резултатот од

финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13.Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.3. и 10.4., кај Фондот за локални патишта на Општина остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Во врска со Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на Фондот за локални патишта на општина Прилеп за 2002 година, ревизијата утврди дека за наодите од точките 10.4. и 10.6. од страна на субјектот не се превземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 11.11. 2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**Фонд на локални патишта Прилеп**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 734 | 976 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 2,635 | 234 |
| Трансфери и донации | 3.5. | 23,941 | 22,020 |
| **Вкупно приходи** | | **27,310** | **23,230** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 2,048 | 1,767 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 1,016 | 1,947 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,064** | **3,714** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 24,196 | 18,425 |
| Капитални трансфери | 3.2.2. | 50 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **24,246** | **18,425** |
| **Вкупно расходи** | | **27,310** | **22,139** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **0** | **1,091** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **0** | **1,091** |

**Фонд на локални патишта Прилеп**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1.1. | 0 | 1,091 |
| Побарувања | 4.1.2.1. | 281 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.2.2. | 485 | 0 |
| Финансиски и пресметковни односи | | 0 | 88 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 8,268 | 8,905 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9,034** | **10,084** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.1.4. | 39,346 | 14 |
| **Вкупно постојани средства** | | **39,346** | **14** |
| **Вкупна актива** | | **48,380** | **10,098** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Финансиски и пресметковни односи | 4.2.1. | 8,268 | 8,365 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | | 8 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 758 | 1,719 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **9,034** | **10,084** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.2.3. | 39,346 | 14 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **39,346** | **14** |
| **Вкупна пасива** | | **48,380** | **10,098** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **14** | **14** |
| **Зголемување по основ на:** | **39,332** | **39,332** |
| Набавки | **39,332** | **39,332** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | **-** |
| Амортизација | - | **-** |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **39,346** | **39,346** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*

____________________

## ПРИЛОГ БРОЈ 1

Преглед на договори без прилог предмер пресметка

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Договор | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на заштитни огради за основни училишта со монтажа и реконструкција на мостовски огради | Мегал Прилеп | 03-103/8 од 06.10.2003 | Само предмер од ФЛП |
| 2 | Поставување и монтажа на комплет сообраќајни знаци; поправка на оштетени знаци | Мегал Прилеп | 03-18/1 од 15.04 2002 | |
| 3 | Хоризонтална сигнализација | Констрактор Скопје | 03-28/8-3 од 09.07.2004 | Предемер пресмертка од Еко дизајн |
| 4 | Поправка на тротоар од мермерни плочки; на коцка; на калдрма; бехатон долж терасата; монтажа, прередување на извадени ивичњаци | Стерна Прилеп | 03-130/8 од 10.12.2003 | |
| 5 | Поправка на бетонските површини за прекопи во изградба на месната ТФ претплатничка мрежа на подрачјето на ОС „Кузман Јосифовски Питу" | Стерна Прилеп | 03-127/8 од 15.12.2003 | Само предмер |
| 6 | Изградба на улици во О.Прилеп: ул. Кукушка, ул. Сутјеска, ул. Кузман Јосифовски-Питу и ул. Цане Коњарец | Бетон Битола | 03-101/8-2 од 17.10.2003 | |
| 7 | Изградба на улици во О. Прилеп: ул Борка Лопач и ул. Благоја Т.К. Гонде; реконструкција на ул. Диме Димески | Бетон Битола | 03-83/8 од 15.09.2003 | Само предмер |
| 8 | Санација и реконструкција на улици во општината | Македонија пат Скопје | 03-28/8-1 од 17.06.2004 | Предмер прес од Констрактор |
| 9 | Изградба, реконструкција и санација на јавни и сообраќајни површини, сообраќајници, тротоари, паркиралишта, пешачки патеки ( со завршен слој асфалт, бетон) | Македонија пат Скопје | 03-111/10 од 04.08.2004 и анекс бр. 03-111/13 од 6.10.04 | Предмер пресметка од Бетон Битола |
| 10 | Семафоризација на раскрсницата помеѓу ул 11 Октомври, со Кеј 1 Мај и ул 9 Септември | Електро софт Скопје | 03-101/8-1 од 17.10.2003 | |
| 11 | Реконструкција и | Хај-Фај | 03-78/1 од | |


Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211-262; факс: 3126-311

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ревитализација на постојните семафорски уреди | Електроника-Прилеп | 03.12.2002 | |
| 12 | Изведување на локален пат бр. 29 од Регионален пат 256 до местото викано Бела Пола | Стерна Прилеп | 03-46/1 од 16.05.2003 | |

## ПРИЛОГ БРОЈ 2

Преглед на договори по кои не се почитува рокот на изведба

| Р.бр | Предмет на набавка | Добавувач | Договор | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Изработка на заштитни огради за основни училишта со монтажа и реконструкција на мостовски огради | Мегал Прилеп | 03-103/8 од 06.10.2003 | не го почитува рокот на изведба |
| 2 | Монтажа на бетонски столбчиња на локации во градот | ТД ПРИЛЕПЕЦ-Прилеп | 03-82/2 од 22.08.2002 | нема одредено рок на изведба |
| 3 | Реконструкција на ул. Кеј 1ви Мај во Прилеп и крпење на ударни дупки | Македонија пат Скопје | 03-41/8 од 30.06.2003 | не го почитува рокот на изведба |
| 4 | Изградба, реконструкција и санација на јавни и сообраќајни површини, сообраќајници,тротоари, паркиралишта, пешачки патеки | Бетон Битола | 03-137/14 од 12.10.2004 | не го почитува рокот на изведба |
| 5 | Хоризонтална сигнализација | Констрактор-Скопје | 03-28/8-3 од 09.07.2004 | не го почитува рокот на изведба |
| 6 | Поправка на тротоар од мермерни плочки; на коцка; на калдрма; бехатон долж терасата; монтажа, прередување на извадени ивичњаци | Стерна Прилеп | 03-130/8 од 10.12.2003 | не го почитува рокот на изведба |
| 7 | Поправка на бетонските површини за прекопи во изградба на месната ТФ претплатничка мрежа на подрачјето на ОС „Кузман Јосифовски Питу“ | Стерна Прилеп | 03-127/8 од 15.12.2003 | не го почитува рокот на изведба |
| 8 | Изградба на улици во О.Прилеп: ул. Кукушка, ул. Сутјеска, ул. Кузман Јосифовски-Питу и ул. Цане Коњарец | Бетон Битола | 03-101/8-2 од 17.10.2003 | не го почитува рокот на изведба |
| 9 | Изградба на улици во О. Прилеп: ул Борка Лопач и | Бетон Битола | 03-83/8 од 15.09.2003 | не го почитува рокот на |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

*Овластен државен ревизор*
______________________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ул. Благоја Т.К. Гонде; реконструкција на ул. Диме Димески | | | изведба |
| 10 | Тампонирање (интервенирање) на улици, делови од улици и локални патишта; | Бетон Битола | 03-110/10 од 04.08.2004 | не го почитува рокот на изведба |
| 11 | Изведба на локален пат за населено место Топлица со приклучок на регионален пат Прилеп-Градско | Бетон Битола | 03-112/11 од 04.08.2004 | не го почитува рокот на изведба |
| 12 | Санација и реконструкција на делови на улици (крпење н аударни дупки) | МАКЕДОНИЈА ПАТ- Скопје | 03-28/8-1 од 17.06.2004 | нема одредено рок на изведба |
| 13 | Изградба, реконструкција и санација на јавни и сообраќајни површини, сообраќајници,тротоари, паркиралишта, пешачки патеки | МАКЕДОНИЈА ПАТ- Скопје | 03-111/10 од 04.08.2004 | нема одредено рок на изведба |
| 14 | Изградба на дел на ул Тризла, реконструкција на дел на ул Димо Наредникот, на ул Борка Лопач и ул 11 Октомври | Маврово Скопје | 03-66/1 од 27.06.2002 | не го почитува рокот на изведба |
| 15 | Семафоризација на раскрсницата помеѓу ул 11 Октомври, со Кеј 1 Мај и ул 9 Септември | ЕЛЕКТРО СОФТ-Скопје | 03-101/8-1 од 17.10.2003 | не го почитува рокот на изведба |
| 16 | Изградба, реконструкција и санација на мостовски конструкции | Бетон Битола | 03-28/8-2 од 25.06.2004 | не го почитува рокот на изведба |
| 17 | Реконструкција и ревитализација на постојните семафорски уреди | Хај-Фај Електроника-Прилеп | 03-78/1 од 03.12.2002 | нема одредено рок на изведба |
| 18 | Изградба на ул и крак од ул Митко Цветаноски | СТЕРНА-Прилеп | 03-43/1 од 21.08.2001 | нема одредено рок на изведба |
| 19 | Ул. Авала | СТЕРНА-Прилеп | 03-34/1 од 17.07.2001 | нема одредено рок на изведба |
| 20 | изградба на ул Блаже Ивановски | СТЕРНА-Прилеп | 03-62/1 од 15.10.2001 | нема одредено рок на изведба |
| 21 | Интервенција на повеќе улици | СТЕРНА-Прилеп | 03-37/1 од 15.04.2002 | нема одредено рок на изведба |
| 22 | Изведување на локален пат бр. 29 од Регионален пат 256 до местото викано Бела Пола | СТЕРНА-Прилеп | 03-46/1 од 16.05.2003 | нема одредено рок на изведба |

# ПРИЛОГ БРОЈ 3

На ситуации за кои нема градежна книга

во 000 денари

| Ред.бр | Добавувач | Објект | Договор | Ситуација | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Елктро Софт Прилеп | Семафоризација на раскрсницата помеѓу ул 11 Октомври, со Кеј 1 Мај и ул 9 Септември | 03-101/8-1 од 17.10.2003 | завр. сит.бр.05-676/1 од 9.5.2005 | 784 | Работите извршени од воведување во работа до 18.01.2005 |
| 2 | Хај-Фај Електроника-Прилеп | Реконструкција на семафорски уреди на пешачки стакла | 03-78/1 од 03.12.2002 | ситуација 07-78/2 од 23.12.2002 | 145 | |
| 10 | Констрактор-Скопје | Изработка на хоризонтална сигнализација | 03-28/8-3 од 09.07.2004 | завршна 07-28/9-3/2 од 10.09.2004 | 540 | |
| | **Вкупно** | | | | **1,469** | |